Локална установа библиотека
Благој Јанков Мучето
Бр. 01-311/1
03.03.2026 год
СТРУМИЦА

БИБЛИОТЕКА

*Локална установа библиотека*
*„Благој Јанков Мучето“*
*Ул. Благој Мучето бр. 26 2400 Струмица*
*Тел. 034/349-040, 034/349-042*
*www.bibliotekastrumica.org.mk*
*email: bibliotekastrumica@yahoo.com*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на
## ЛОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА
## „БЛАГОЈ ЈАНКОВ МУЧЕТО“ - СТРУМИЦА
## за 2025 година



**Струмица, февруари 2026 година**

Финансирањето на дејноста на локалните библиотеки се обезбедува на начин и постапка утврдени со закон. Извештајот за работата на Локалната установа Библиотека „Благој Јанков Мучето” во Струмица претставува законска обврска согласно со член 35 од Законот за култура. Во таа насока, Библиотеката до Советот на Општина Струмица и до Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија доставува Извештај за работа и Финансиски план за 2025 година, според член 14 од Законот за библиотеки и член 13 од Статутот на ЛУБ„Благој Јанков Мучето” - Струмица.

## ***Вовед***

Како во изминатите години, така и лани, со извршувањето на програмските задачи во библиотеката се настојуваше успешно да се оствари она кон што установата се стреми – да биде значаен културен и информативен центар на Локалната заедница. Притоа, се работеше на истражување, набавка, собирање, стручна обработка, заштита, чување, информирање и давање на користење на библиотечниот материјал. Библиотеката редовно се појавуваше како издавач на дела на роднокрајни автори. За да се задоволат потребите од одреден вид библиотечен материјал кон корисниците, посебно внимание се посветуваше на комплетирањето на библиотечните фондови преку следењето на издавачката продукција, како и популаризацијата и достапноста на книгата до секого, со цел да се побуди интересот кај потенцијалните корисници за ова културно богатство. Според Програмата, тековните активности се реализирани во библиотеката во Струмица и во библиотечната подружница во с. Муртино. Освен услугите, што претставува основна дејност на библиотеката, сé повеќе се наметнува потребата од следење на современите текови во библиотечната работа на глобално ниво. За таа цел, се следеа соседските и светските текови во библиотекарството, анализата на потребите на самите корисници, како и презентацијата на услугите на сите можни нивоа.

Во библиотеката се вршеше континуирана набавка на нови книги од сопствени извори, од донација од Министерство за култура на нови наслови, донација од наши сограѓани и од автори, започнувајќи од фондот на одделот за деца, преку лектирните изданија и слободната литература, фондот во одделот за возрасни корисници, набавката на лектири за средношколците, сé до белетристиката и публицистиката.

Посебно внимание се посветуваше и на стручната литература и овозможувањето нејзина употреба за поголем број корисници. Проектот „Автоматизација на библиотеките“ продолжува и тој се спроведува според предвидената динамика. Со негова помош се овозможува премин на целосната дигитална обработка на книжниот фонд со што тој е поедноставно достапен до сите корисници, независно дали се членови на библиотеката или им е потребна информација за книжниот фонд што го поседува самата библиотека. Согласно со систематизацијата, овие се работните места и одделите во библиотеката во изминатата година:

- Оддел за позајмување книги и услуги за возрасни (сменска работа по 2 лица)
- Оддел за позајмување книги и услуги за деца (сменска работа по 2 лица)
- Оддел за библиотечни процеси
- Оддел за информатички работи
- Оддел за роднокрајна збирка и библиографии
- Оддел за стручна обработка на периоднични публикации
- Оддел за стручна обработка на монографски публикации
- Оддел за деца и возрасни во подрачна единица с. Муртино
- Оддел за популаризација на книгата
- Оддел за издавачка дејност
- Оддел за дигитализација и микрофилмување
- Административна служба
- Помошно-техничка служба

**Вработени во ЛУ Библиотека "Благој Јанков Мучето" – Струмица, 2025 година**

| Ред. број | Име и презиме | Квалификација | Работно место |
|---|---|---|---|
| 1 | Васка Кирова | Библиотекар | ДИРЕКТОР<br><br>Оддел за возрасни |
| 2 | Снежана Џорлева | Библиотекар | Оддел за стручна обработка на периодични публикации |
| 3 | Наташа Василевска - Трајчевска | Виш библиотекар | Оддел за деца |
| 4 | Нада Витанова | Самостоен библиотекарски помошник | Оддел за возрасни |
| 5 | Аница Глигорова - Милева | Библиотекар советник | Оддел за стручна обработка на монографски публикации |
| 6 | Гонца Запрова Анастасова | Виш библиотекар | Оддел за популаризација |
| 7 | Милкица Масева | Библиотекар | Библиотекар во оддел за издавачка дејност |
| 8 | Ани Катранџиева | Библиотекар | Библиотекар во оддел за библиотечни процеси |
| 9 | Весна Заева | Библиотекар | Оддел за деца |
| 10 | Денис Мустафов | Информатичар | Виш соработник за информатички работи |
| 11 | Тони Николов | Библиотекар | Оддел за возрасни и деца во подрачна единица с.Муртино |
| 12 | Емилија Ружинова | Библиотекар | Библиотекар во оддел за дигитализација и микрофилмување |
| 13 | Саветка Глигорова | Правник | Помлад соработник за административни општи и правни работи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 14 | Тања Гошева | Библиотекар советник | Оддел за роднокрајна збирка и библиографии |
| 15 | Љуба Поп Алексова | ССС | Домаќин |
| 16 | Андон Цветанов | ССС | Хаусмајстор |

ЛУБ "Благој Јанков-Мучето" работи според COBISS програмата којашто вклучува:

Упис, пребарување, промена на податоците или на бројот на членската карта, бришење на податоците за членот, пакетно бришење на податоците за неактивни членови,

- Зајмување книжен материјал надвор од библиотека или во читалница и негово враќање, резервација на слободен и зајмен материјал, резервација на книги за користење во читалница, продолжување на рокот за зајмување книга и промена на датумот на истекување.
- Пребарување на материјалот, увид во неговата состојба (дали е слободен или зајмен, податоци за членот кој ја зајмил книгата, рокот на враќање, список на резервации итн.) и внес на забелешки за материјалот,
- Поставување на параметрите на зајмувањето (временски параметри, календар, начин на зајмување, ценовник, ограничување на зајмувањето и други параметри),
- Одвоено водење евиденција на зајмувањето по одделенија и меѓуодделенско зајмување на книгите (за библиотеките за кои зајмувањето е организирано по одделенија),
- Електронско известување на членовите за претстојно изминување на рокот за зајмување, за претстоен прием на опомена, за пристигнат резервиран материјал, изминување на важењето на резервацијата и изминување на членството,
- Поддршка на трајните резервации на сериските публикации,
- Изработка на опомени,
- Систем на финансиско работење со можности за рачно или за програмско евидентирање на побарувања, намирување на побарувањата (готовинско или неготовинско), заклучување на благајна, испис на различни потврди за членовите итн.

## Библиотечни услуги

Уписите во библиотеката во 2025 година и позајмувањата на фондот со којшто располага институцијата се резултат на пакетот услуги што ги нуди библиотеката.

**Пакет на услуги**

- позајмување книги (од библиотеката и од други библиотеки преку меѓубиблиотечно позајмување);
- позајмување CD и DVD од фондот на библиотеката;
- користење читалница;
- користење детско катче;
- користење интернет и помош при интернет пребарување;
- помош при пополнување формулари, испраќање електронска пошта, скенирање документи, печатење и фотокопирање;
- промоции на книги, книжевни настани, саем на книги;
- изложби;
- изнајмување опрема за презентации (ЛЦД проектор);
- соработка и организирање на различни активности со училиштата, други јавни институции од општината и други општини.

Библиотечниот материјал се позајмува за период од 14 дена, со можност за продолжување од уште 10 дена кога се работи за лектирно издание. CD, DVD дисковите и детските играчки се издаваат на ден. Читателите можеа да извршат продолжување и резервирање на библиотечниот материјал по телефон или преку електронска пошта.

Во библиотеката **бесплатно** се зачленети деца од предучилишна возраст, лица со попреченост и лица од социјални категории.

Исто така, значителен е и интересот на корисниците на другите услуги како што се: годишен упис за индивидуален корисник, семеен пакет за две лица, семеен пакет за повеќе од две лица, групен упис за повеќе од десет лица од основните и од средните училишта, како и студенти. Секој има можност за користење стручна литература и весници, барање помош при изработка на есеи, дипломски и магистерски трудови и за други потреби поврзани со работата на библиотеката и меѓубиблиотечна позајмица со други библиотеки.

**Оддел за информатички работи**

- Локален администратор на Електронски систем за јавни набавки
- Администратор на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР)
- Поднесување пријави на конкурси објавени од Министерството за култура и туризам на Република Македонија
- Лице за посредување со информации од јавен карактер согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер АСПИ.
- Изработка на Годишен извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер
- Дизајнирање, одржување и ажурирање на веб страницата на библиотеката и социјалните мрежи
- Внесување и ажурирање на подотоци за вработени од институцијата во системот Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР)
- Поправка на компјутерите и компјутерската мрежа во институцијата, инсталирање на софтвер за поврзување COBISS.
- Одржување на фискален апарат
- Изработка на годишна табела со податоци за потрошената електрична енергија, природен гас и вода.
- Учество на обука за информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР)
- Учество на обука за информации од јавен карактер согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Оддел за стручна обработка на монографски публикации**

Во 2025 година во одделот за стручна обработка на монографски публикации во програмата COBISSLib се внесени вкупно 515 наслови или 884 библиотечна единица.

Поединечно по оддели: во одделот за возрасни во програмата COBISSLib се внесени 392 наслова или 521 библиотечна единица, а во одделот за деца 123 наслови или 363 библиотечни единици.

Заради барањата на читателите во подрачната библиотека во Муртино, извршен е пренос на 4 библиотечни единици или 2 наслова во COBISSLib од одделот за возрасни во подрачната библиотеката во Муртино.

Во 2025 година во дигиталниот репозиториум во COBISSLib се внесени 380 дигитални содржини од монографски публикации.

Следење на процесите во системот COBISSLib, изнаоѓање грешки и нивна исправка (вкупно 1.149 измени) за успешност во развојот на библиотечно-информацискиот систем. Дополнување на шифрарниците со податоци, водење статистика за најчитани книги во месецот во одделот за деца и возрасни, слободни броеви во сите оддели, водење статистика за најдобар читател во двата оддела, водење евиденција за меѓубиблиотечната позајмица и евиденција за достава на книги со велосипедот – за 2025 година има 24 достави на книги. Вршење отпис во системот COBISSLib на библиотечен материјал. Меѓубиблиотечна позајмица со библиотеките во Гевгелија, Кочани, Валандово, Скопје, Прилеп, Делчево, Радовиш, Куманово. Позајмени вкупно 13 книги, а дадени на позајмување 6 книги.

Помош при исправка на грешките во системот COBISSLib во одделот за

периодика поле 998 и во роднокрајниот оддел во Струмица; и помош при исправка на грешките во библиотеките во Кочани, Охрид, Валандово – попис, отпис, статистика и пренос на информации од едно во друго поле 996/997.

Решавање на проблем во измени и дополнување во полињата за зајмување – степен на образование.

**<u>Оддел за стручна обработка на периодични публикации</u>**

Одделот периодика, според својата работа и обемот на фондот со кој располага, е еден од значајните оддели во рамките на библиотеките без кој не се може. Серииските публикации како основни носители на актуелните информации и најновите научни сознанија, покрај монографските публикации, претставуваат еден од основните фондови на јавните библиотеки. Најголем број од корисниците што го користат Одделот периодика се: студенти, научни истражувачи и историчари. Работата со нив бара подготовка, истражување, време, општо широко познавање од сите области на науката и голема информираност. Работата во периодика се смета за исклучително тешка работа, но и интересна. Библиотекарот кој работи во Одделот периодика има можност постојано да го усовршува своето знаење и низ постојаните научни истражувања до го проширува своето поле на интерес.

Подготвувајќи се насловите на дневните весници или на научните списанија, да ги внесе во програмата COBISS, библиотекарот секојдневно наидува на голем број интересни наслови на одделни статии, кои со текот на времето неоправдано паѓаат во заборав. Многу од тие весници кои ги имаме со години никој не ги прелистал, многумина никогаш не слушнале за нив, но, информациите што се кријат меѓу страниците, всушност се вистинско богатсво за истражувачите.

Оттука, библиотекарот кој работи во одделот периодика, води постојана грижа за комплетирање на фондот на сериските публикации со коишто располага библиотеката, за нивна систематизација и компјутерска обработка, чување и заштита, со што неговата работа е навистина комплексна.

Во текот на изминатата 2025 година, во одделот периодика при ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ од Струмица, набавени се, во неколку наврати, повеќе наслови од веќе постојните сериски публикации, од разни области на општественото живеење. Во различни периоди, набавката изгледа вака:

**На 14.3.2025 г.**

1. **„ПРИЛОЗИ“ : contributions ; Одделение за општествени науки. Фонд: 2024**

   **1 примерок. Издавач: МАНУ – Скопје**

2. **„ПРИЛОЗИ“ : contributions ; Одделение за природно-математички и био-**

   **технички науки. Фонд: 2024, 2 примерока. Издавач: МАНУ – Скпје**

3. **„ПРИЛОЗИ“ : contributions ; Одделение за медицински науки. Фонд:**

2024, 3 примерока. Издавач: МАНУ – Скопје

4. „ПРИЛОЗИ“ : contributions ; Одделение за лингвистика и литературна наука.

   Фонд: 2024, 1 примерок. Издавач: МАНУ – Скопје

**На 10.5.2025 г.**

1. „Прилози“ – Одделение за лингвистика и литературна наука – 1 број – МАНУ Скопје

**На 18.11.2025 год.**

1. „Стожер“ – ревија за литература, култура и уметност – 1 број (1дупликат)
2. „Синтези“ – македонски книжевен гласник бр.60 – (1)
3. „Xixëllima“ – Revistë e përmuajshme educative dhe argëtuese, për fëmijët e

   shkollave të sistemit 9 – vjeçar – (1 број и 2 броја дупликат)
4. Премин“ – списание за религија бр.177/178 (1)
5. „KLIKIMI“ – revista për nxënës – списание за деца на албански јазик (1)
6. „Современост“ – списание за литература, култура и уметност бр.1/2025 (1)
7. „Даница“ часопис културно едукативног пројекта Срба у Македонији (1)

**На 27.11.2025 год.**

1. „Синтези“ – македонски книжевен гласник – 1 број;
2. „Шадрван“ – списание на Бошнаците – 1 број (+ 2 дупликати);
3. „Kardelen“ – списание за деца на турски јазик 1 број (+1 дупликат);
4. „Scupi“ – списание на албански јазик (1);
5. „Gurra“ – списание на албански јазик 2 броја (+2 дупликати) ;
6. „Слово љубве“ – списание за книжевност и култура на Србите во

   Македонија 2 броја (+3 дупликати);
7. „Современост“ – списание за литература, култура и уметност (1);
8. „Етно антропо зум“ – списание на Институтот за етнологија и антропологија

   1 број;
9. „The Macedonian P.E.N.“ – списание за култура и литература на англиски

**јазик“ (1);**

10. **„Филозофска трибина“ – официјално гласило на Филозофското друштво на Македонија – 2 броја (+1 дупликат);**
11. **„Стремеж“ – списание за литература, уметност и култура (1)**
12. **„Stili 97“ – списание за литература, уметност, култура и наука на албански Јазик 2 броја (+1дупликат);**
13. **„Книжевно житие“ – списание за книжевност, уметност и култура (1);**
14. **„Етнолог“ – списание на Македонското етнолошко друштво (1);**
15. **„Сум 91“ – списание за уметност (1);**

**На 26.12.2025 год.**

1. **„Македонски фолклор“ – списание на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ Скопје; 1 број (+ 1 дупликат)**
2. **„Сум“ – списание за уметност; (1)**
3. **„Стожер“ – ревија за литература, култура и уметност; (1)**
4. **„Стрип креатор“ – списание за стрипови; (2)**
5. **„Театарски гласник“ – списание за театарската уметност; (1)**
6. **„The large glass“ – списание за компаративна уметност, култура и теорија; (1)**
7. **„Контекст“списание за компаративна книжевност и културолошко истражување; (1)**

Според онлајн пребарувачот cobiss.mk, одделот периодика во Струмица, располага со вкупно 1.179 билиотечни единици (примероци) досега, кои може слободно да се користат на овој интернет пребарувач. Тука влегуваат и дел од периодичните списанија кои излегуваа само онлајн, но не и во печатена форма, како што се: „Службен весник на РСМ“, „Библиотекарство“, „Општинско гласило“ и други списанија. На полиците на одделот периодика се наоѓаат и периодични списанија што не се обработени компјутерски, поради непостоењето ID број, а такви се „Кула“, „Бизнис Фокус“, „Ревита“, „Доживејте 100“, ревијата „Портрет“ и други.

Перманентно веќе неколку години наназад, одделот периодика секојдневно се збогатува со три дневни печатени весници и тоа: „Вечер“, „Нова Македонија“ и „Слободен печат“, како и политичкиот неделник „Фокус“ што се набавуваат со сопствени средства на библиотеката.

Во текот на 2025 година престанаа да се набавуваат детските списанија „Росица“, „Росица за најмали“ и „Другарче“, поради политиката на издавачката куќа тие да излегуваат во онлајн форма, но, не и во печатена, кои до пред тоа се набавуваа многу години наназад, со цел да се анимира најмалата читачка публика. Во текот на изминитаиот период, во одделот Периодика се изработи „Водич низ периодиката“, во кој, по азбучен ред се застапени сите сериски списанија, без оглед на тоа дали се обработени комјутерски или не и тој има за цел да даде една целосна слика на тоа со што располага периодика. Овој водич би требало во иднина да се најде на веб страницата на библиотеката со цел корисниците да имаат полесен пристап до периодиката. Исто така, во текот на 2025 година, во соработка со НУБ „Климент Охридски“ од Битола, и двата оддели за периодика, успеавме да го комплетираме фондот на списанието „Библиотекарство“, кој со користењето, со текот на времето беше преполовен, за што сме благодарни на колегите од Битола, кои ни ги отстапија броевите од списанието што недостасуваа.

Покрај ова, започнавме секоја библиотечна единица во онлајн пребарувачот cobiss.mk и нејзините пододели, да ја ревидираме и да вршиме исправка во поле 998, каде што редоследно се бележат годините на списанието, па и другите полиња, следејќи ги современите начини на бележење на библиотечните единици во овој интернет пребарувач.

**<u>Оддел за роднокрајна збирка и библиографии</u>**

Во 2025 година во ова одделение се продолжи со прибирање материјал од роднокрајни автори. Тој книжен материјал не се издава, туку се чува во библиотеката. Творештвото се комплетира, стручно се обработува и се дава на користење на корисниците само во читалницата на библиотеката. Овие наслови се преземени и целосно се дополнети со локални податоци во базата COBISSLib за да може да им бидат достапни на читателите во струмичката библиотека, но и насекаде каде што корисникот може да пребарува во програмата.

Станува збор за публикуван материјал што, според авторството или содржината, му припаѓа на овој оддел. Насловите се обработени според нормативите на СОРД (Стандард за организација на роднокрајна дејност) и се внесени во COBISS фонд системот. Во 2025 година од роднокрајниот оддел во програмата COBISSLib се внесени вкупно 509 наслови или 514 библиотечни единици од кои, 492 се одбележани како стари и ретки книги што ги поседува ЛУБ„Благој Јанков Мучето“-Струмица, од крајот на 19 и 20 век до 1945 година. Се работи за книги кои делумно ги има и во некои градови на Република Северна Македонија, но и книги кои ги има само Струмичката библиотека, што е најголемото културно богатство.

Посебно внимание се посвети на збирката од роднокрајното одделение .- монографски публикации и се настојуваше таа постојано да се надополнува преку комуникации со роднокрајни автори. Исто така, тука се магистерските и докторските дисертации на роднокрајни автори што се подготвуваа за внесување во програмата COBISS. Во роднокрајниот оддел се наоѓаат и примероци од некнижен библиотечен материјал: покани, постери, каталози, плакати и др.

## Оддел за возрасни – Струмица

## Годишен извештај за работа во Одделот за возрасни за 2025 година

| | JАНУАРИ | ФЕВРУАРИ | МАРТ | АПРИЛ | МАЈ | ЈУНИ | ЈУЛИ | АВГУСТ | СЕПТЕМВРИ | ОКТОМВРИ | НОЕМВРИ | ДЕКЕМВРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва година | 20 | 39 | 29 | 14 | 9 | 4 | 3 | 10 | 11 | 17 | 39 | 40 |
| Втора година | 28 | 40 | 16 | 10 | 4 | 3 | 9 | 16 | 27 | 30 | 25 | 4 |
| Трета година | 17 | 26 | 9 | 12 | 2 | 4 | 7 | 2 | 13 | 18 | 13 | 10 |
| Четврта година | 15 | 25 | 24 | 18 | 5 | 5 | 4 | 2 | 3 | 7 | 9 | 8 |
| Студенти | 12 | 16 | 11 | 10 | 10 | 11 | 10 | 9 | 8 | 7 | 5 | 7 |
| Невработени | 17 | 16 | 13 | 16 | 15 | 13 | 14 | 15 | 14 | 16 | 19 | 18 |
| Работници | 82 | 94 | 100 | 96 | 80 | 60 | 72 | 71 | 57 | 54 | 68 | 70 |
| Службеници | 118 | 106 | 105 | 103 | 93 | 102 | 105 | 104 | 100 | 107 | 114 | 112 |
| Пензионери | 67 | 73 | 76 | 71 | 73 | 73 | 69 | 59 | 67 | 68 | 68 | 71 |
| Машки | 77 | 84 | 97 | 77 | 62 | 49 | 70 | 52 | 68 | 85 | 73 | 75 |
| Женски | 299 | 351 | 286 | 273 | 229 | 226 | 223 | 236 | 232 | 239 | 287 | 265 |
| Вкупно читатели | 376 | 435 | 383 | 350 | 291 | 275 | 293 | 288 | 300 | 324 | 360 | 340 |
| Изнајмени книги | 739 | 821 | 751 | 695 | 588 | 550 | 729 | 432 | 741 | 720 | 720 | 651 |
| Уписи | 8 | 10 | 3 | 2 | 14 | 8 | 7 | 10 | 4 | 6 | 13 | 4 |
| Бесплатни уписи | 2 | / | 1 | / | 1 | / | 1 | 1 | 1 | / | 2 | / |

**Оддел за деца - Струмица**

**Годишен извештај за работа во Одделот за деца за 2025 година**

| | ЈАНУАРИ | ФЕВРУАРИ | МАРТ | АПРИЛ | МАЈ | ЈУНИ | ЈУЛИ | АВГУСТ | СЕПТЕМВРИ | ОКТОМВРИ | НОЕМВРИ | ДЕКЕМВРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Предшколска возраст | 11 | 17 | 12 | 11 | 15 | 15 | 10 | 9 | 4 | 13 | 20 | 15 |
| I одд | 5 | 4 | 6 | 3 | 8 | 15 | 16 | 8 | 8 | 14 | 22 | 20 |
| II одд | 31 | 27 | 14 | 13 | 15 | 13 | 33 | 28 | 30 | 11 | 22 | 26 |
| III одд | 49 | 33 | 22 | 27 | 20 | 31 | 66 | 56 | 44 | 47 | 56 | 77 |
| IV одд | 38 | 55 | 52 | 73 | 45 | 23 | 25 | 40 | 22 | 69 | 74 | 88 |
| V одд | 54 | 64 | 67 | 47 | 70 | 22 | 41 | 58 | 32 | 43 | 89 | 101 |
| VI одд | 51 | 95 | 54 | 56 | 42 | 43 | 77 | 77 | 46 | 47 | 98 | 115 |
| VII одд | 53 | 69 | 53 | 72 | 72 | 22 | 60 | 71 | 42 | 49 | 73 | 72 |
| VIII одд | 26 | 32 | 47 | 37 | 25 | 37 | 44 | 38 | 35 | 30 | 38 | 39 |
| IX одд | 16 | 26 | 32 | 26 | 19 | 3 | 12 | 23 | 20 | 16 | 45 | 56 |
| машки | 191 | 221 | 158 | 177 | 143 | 124 | 191 | 222 | 136 | 141 | 185 | 177 |
| женски | 240 | 261 | 224 | 216 | 231 | 161 | 281 | 300 | 180 | 206 | 236 | 225 |
| Вкупно читатели | 431 | 482 | 382 | 393 | 374 | 285 | 472 | 522 | 316 | 347 | 421 | 402 |
| Изнајмени книги | 323 | 328 | 238 | 245 | 232 | 189 | 420 | 456 | 153 | 250 | 268 | 216 |
| Уписи | 26 | 41 | 31 | 29 | 30 | 37 | 99 | 74 | 24 | 31 | 66 | 56 |
| Бесплатни уписи | 2 | 4 | / | 2 | 3 | 3 | 2 | / | 1 | 1 | 2 | 1 |

# <u>**Годишен извештај за работа од оддел за деца за 2025 година, во клон Муртино**</u>

| Извештај за 2025 | I одд. | II одд. | III одд. | IV одд. | V одд. | VI одд. | VII одд. | 8. одд. | IX одд. | Машки лица | Женски лица | Возрасни лица | Вкупно книги | Уписи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | | | | | | 23 | 12 | 5 | 7 | 34 | 26 | 13 | 60 | 8 |
| Февруари | | | | | | 42 | 44 | 7 | 5 | 61 | 65 | 28 | 124 | 5 |
| Март | | | | | | 28 | 17 | 16 | | 46 | 33 | 18 | 79 | 5 |
| Април | | | | | | 36 | 17 | 4 | | 36 | 40 | 19 | 76 | 3 |
| Мај | | 1 | | 1 | | 41 | 18 | 6 | | 39 | 45 | 17 | 84 | 4 |
| Јуни | | | | 1 | | 13 | 3 | 2 | | 11 | 10 | 2 | 21 | |
| Јули | | | | | | 6 | 3 | 1 | | 16 | 14 | 20 | 30 | 1 |
| Август | | | | 1 | | 3 | | | | 10 | 15 | 21 | 25 | |
| Септември | | | 1 | 1 | | 14 | 22 | 1 | 1 | 28 | 40 | 26 | 68 | 7 |
| Октомври | | | | | | 7 | 30 | 3 | 3 | 22 | 46 | 20 | 68 | 4 |
| Ноември | | | 2 | | | 33 | 16 | 2 | 2 | 19 | 53 | 24 | 84 | 14 |
| Декември | | | | | | 29 | 11 | 5 | 5 | 21 | 52 | 18 | 77 | 9 |
| Вкупно | | **1** | 3 | **4** | | **275** | **193** | **343** | **23** | **343** | **439** | **226** | **796** | **60** |

На табелата е прикажан Годишниот извештај за работа во одделот за деца и возрасни во Подружницата во село Муртино за 2025 година.
Според него, вкупниот број членови коишто ја посетиле подружницата во библиотеката лани е 60 од кои, 51 се деца и 9 возрасни.
Број на посетители по возраст: I - одделение нема; II - одделение = 1; III - одделение = 3, IV - одделение = 4; V - одделение нема; VI - одделение = 275; VII - одделние = 193; VIII - одделние = 70; IX - одделние = 23 и возрасни читатели = 226. Вкупно издадени книги лани се 796. Во текот на изминатата година имало вкупно 60 уписи.

**<u>Популаризација – културни манифестации</u>**

Во овој сегмент се поместени сите настани што се сработени од неколку вработени во библиотеката заради поголема среденост на Годишниот извештај. Инаку, популаризацијата на книгата се остварува преку средби со писатели, промоции на книги, литературни конкурси, интерпретација на лични творби, организирани посети од ученици, изложби на книги, медиумски настапи, претставувања на најнови наслови и издавачки центри, како и сите други литературни манифестации во кои, центарот е книгата, а во центарот се читателите и сите граѓани.

**Јануари**

- Распишан конкурс на тема: „Виното, љубовта и смислата на животот". Конкурсот е од ревијален карактер, а право на учество имаа средношколци и возрасни автори.
- Распишан конкурс на тема: „Карневалската маска во мене". Конкурсот е награден и наменет за ученици од основните и од средните училишта и за возрасни автори.
- Клуб на читатели – обработка на книгата „Апартман 313" од Рената Атанасова.

**Февруари**

- Читање творби од конкурсот: „Виното, љубовта и смислата на животот".
- Доделување награди за конкурсот на тема:„Карневалската маска во мене".
- Одбележување на Меѓународниот ден на мајчиниот јазик 21 февруари. Во соработка со Европската куќа и ООУ „Гоце Делчев" од Василево одржана едукативна работилница „Читаме на повеќе јазици".
- Ново читателско дружење - новелата „Дервишот и смртта" од Меша Селимовиќ.

**Март**

- Работилница по повод 8 Март – изработка на честитки.
- Распишан огласот за Општинскиот натпревар „Млади библиотекари".
- Читателска дружба - „Мајсторот и Маргарита" од Михаил Булгаков.

**Април**

-Промоција на книгата „Вонбилансната евиденција" од Вангел Божиноски, архитект, сценограф, новинар, историчар и архитектонски критичар.

- „Карван на читање" за сите ученици од прво до петто одделение. Посетени училишта: ООУ „Мануш Турновски" - Ново Село, ООУ „Герас Цунев" - Просениково, ООУ „Гоце Делчев" - Василево, ООУ „Сандо Масев" - Струмица, ООУ „Борис Трајковски" - Моноспитово, ООУ „Маршал Тито" - Муртино, ООУ „Маршал Тито" - Струмица, ООУ „Никола Вапцаров" – Струмица, ООУ „Видое Подгорец" - Струмица.
- На иницијатива на СВР Струмица, а по повод 7 Мај – Денот на македонската полиција распишан литературен и ликовен конкурс на тема: „Хероите носат униформа, но и срце".
- Изложба на делата од роднокрајниот писател за деца Видое Подгорец.

- Читателски клуб – обработка на делото „Фауст“ од Гете.

**Мај**

- Конкурс за најубав кириличен ракопис „Користи ја кирилицата“ во чест на 24 Мај - Денот на светите солунски браќа Кирил и Методиј
- Распишан награден литературен конкурс по повод 25 јуни - денот на раѓањето на трагично загинатиот претседател Борис Трајковски на тема: „Да градиме мир“ .
- Одбележан Денот на македонската полиција 7 Мај на тема: „Хероите носат униформа - но и срце“. Настанот се одржа во дворот на Секторот за внатрешни работи Струмица. Наградите ги обезбеди СВР - Струмица.
- Учество на ученичка на 24. Републички натпревар „Млади библиотекари" во организација на Библиотекарското здружение на Македонија во Кичево.
- Изложба на фотографии, посветена на последниот руски цар – Николај II Романов, преземена од авторката и фотограф Веселина Борисова од Бургас, Република Бугарија.
- Посета на членовите на Здружението на слепи лица од Струмица. Тие добија бесплатни членства и им беа доставени книги со Брајово писмо.
- Читателскиот клуб ја обработи книгата „Клетници“ од Виктор Иго.

**Јуни**

- Во организација на Издавачката куќа „Просветно дело“ од Скопје, а во соработка со нашата библиотека, одржано традиционалното советување на тема: „Библиотеката – темел на писменоста“ во рамките на манифестацијата „Средби под јаворите - Видое Подгорец".
- Промоција на стихозбирката „Каење и обратно", на средношколката Јулија Ангелова.
- Доделување на наградите од литературниот конкурс „Да градиме мир“ посветен на раѓањето на трагично загинатиот претседател на РМ Борис Трајковски.

**Јули**

- Чествување за Народниот херој и патрон на нашата библиотека, Благој Јанков Мучето, по повод 79-годишнината од неговото убиство.
- Во рамките на СОФ 2025 (Струмица Опен фестивал), читателскиот клуб одржа Вечер на странска поезија.

**Август**

- Читателска дружба – обработка на книгата „Педро Парамо“ од Хуан Рулфо.

**Септември**

- Одржан Вториот меѓународен форум: „Размена на идеи за добри практики“, поддржан од Министерството за култура и туризам, како проект од национален интерес од областа на библиотечната дејност за 2025 година.

**Октомври**

- Читателски клуб – обработка на „Големиот Гетсби“ од Френсис Скот Фицџералд.

**Ноември**

- Распишан Награден литературен конкурс по повод 11 декември, Денот на заштитниците на градот Струмица „Св. Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици“.
- Читателски клуб – обработка на книгата „Да се сака со отворени очи“ од Хорхе Букај.

**Декември**

- Доделување награди по повод распишаниот конкурс за литературни творби посветен на 11 Декември – Денот на заштитниците на градот Струмица, Светите Петнаесет тивериополски свештеномаченици и доделување ваучери и благодарници за најдобрите читатели за 2025 година во одделот за возрасни и деца. Првонаградената творба од категоријата возрасни автори беше прочитана на свечената седница во големата сала на НУЦК „Антон Панов“ во Струмица.
- Читателски клуб – обработка на „Единствен матичен број“ од Лидија Димковска.

**<u>Оддел за издавачка дејност</u>**

На овој оддел се објавуваат новите издадени дела, на кои издавач е нашата библиотека. Инаку, како издавачи можат да се јават и други установи, како и самостојни поединци.

- Во 2025 година нашата библиотека е издавач на следниве книги:

1. „Гласот на тишината“ - Смилана Василевска;
2. „Каење и обратно“ - Јулија Ангелова;
3. „Искушението на господин Лукас“ - Елена Котева Ивезиќ;
4. „Брачна (не) среќа“ од Госпогица Драма;
5. „Биографии на значајни личности“ - Тања Гошева (второ дополнето издание);
6. „Пеливанско и современо борење“ - Сократ Ефтимовски и Иван Станоевски;

**Оддел за дигитализација и микрофилмување**

На овој оддел, за секоја електронски објавена книга, потребно е плаќање авторско право. Бидејќи авторските права се многу скапи, објавувањето на веб - страницата е ограничено и се врши по желба и со согласност на роднокрајни автори, главно заради нивно афирмирање во јавноста. Книгите се скенираат и се објавуваат.
Во 2025 година се завршени во дигитализирана форма:

1. „Размена на идеи за добри практики" – трудови од форумот.
2. „Библиотеката - темел на писменоста".

Објавите во дигитализирана форма може да се најдат и да се прочитаат на https: //bibliotekastrumica.org.mk.
Исто така, се фотографираа сите настани на библиотеката внатре и надвор и се прикачуваа на социјалните мрежи.

**Оддел за библиотечни процеси**

На овој оддел, во текот на изминатата 2025 година се вршеше потпечатување на новопристигнатите книги од ресорното министерство што периодично бесплатно ги добиваме преку НУБ „Свети Климент Охридски", на купени книги од издавачките куќи, книги од годишни проекти, како и на подарени книги од наши сограѓани.

в.д. директор
Васка Кирова

Локална установа библиотека
Благој Јанков
Мучето
СТРУМИЦА